ПЕТОК 15 СЕПТЕМВРИ 2000 ГОДИНА • НОВА МАКЕДОНИЈА •

*ДЕНЕС ВО БУКУРЕШТ*

# Станко Павлески се претставува со „Барок во едното“

**• Поставката е модулираниот амбиент од 16 квадратни хоризонтали со поголеми димензии прикажана пред две години во Музејот на град Скопје, а од денес до 29 септември ќе биде отворена во Музејот на романската литература**

Во Галеријата на Музејот на романската литература во Букурешт, Романија денес ќе биде претставен проектот на скулпторот од Скопје и професор на ФЛУ, Станко Павлески со наслов „Барок во едното“. Изложбата ќе биде отворена до 29 септември.

„Барок во едното“претставува амбиент составен од 16 квадратни хоризонтали со поголеми димензии организирани врз модул од четири елементи по принципот ширина/ должина што се повторува четири пати и формира простор/ лавиринт со квадратна форма.

Овој проект на Павлески беше претставен во Музејот на град Скопје пред две години. Според неговата изјава за „Нова Македонија“ пред заминувањето во Букурешт, на оваа нова изложба ќе биде презентирана модифицирана варијанта на проектот. Имено, преку допир на скулптурите по неколку нивни линии уште посилно ќе се потенцира хоризонталата и присуството на квантитетот на елементите како поединечни содржини. Како резултат тој смета дека би се добила треперлива и згусната хоризонталност на ликовни и мисловни системи и форми и значења што влегуваат во проширено поле на „кажување“.

Ми беше важно оваа изложба да отиде подалеку од овој простор, а шансите да се претстави човек пред друга публика се минимални- вели Станко Павлески, објаснувајќи дека тоа е основниот повод за оваа негова изложба во Букурешт. Каталогот е подготвен со десет колори на македонско-англиски. Подготовките за изложбата траат од октомври минатата година, а делата, како што знаете, се готови од порано. Драго ми е дека тоа ќе се случи во родната земја на



Станко Павлески: Барок во едното

Константин Бранкуши и ако имам време ќе го посетам неговото родно место каде се наоѓа неговата позната скулптура „Порта“ и една друга со наслов „Бесконечниот столб“- една челична ветрикала од 30 метри, тенка како линија, вели тој.

Претставувањето на Павлески во Букурешт е во организација на Дирекцијата за визуелна уметност при Министерството за култура на Република Романија, а по иницијатива на историчарот на уметност Јане Теохаревски и Романската амбасада во Скопје. Финансиски е поддржана од македонското Министерство за култура.

**С. ЃУРОВСКА**